Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 04.09.2020

На 03.09.2020 во 15.40 часот било пријавено дека на ул.„Панде Илковски" во Битола, Е.К.(19) од Битола управувајќи работна машина „аран"удрил во бетонски ѕид и ограда од куќа. Притоа, со тешки телесни повреди се здобил 16 годишник од Битола, кој бил сопатник во работната машина, констатирани во Клиничката болница Битола. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Битола.

На 03.09.2020 во 10.00 часот на Граничен премин Табановце, при пасошка контрола било утврдено дека М.П.(38) од Р.Србија незаконски престојувала во Република Северна Македонија. Таа била приведена во Полициската станица Табановце и предадена на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 03.09.2020 во 12.30 часот во Полициската станица Гази Баба, С.М.(60) од Скопје пријавила дека на ул.„Гемициска" била касната од куче скитник.

На 03.09.2020 во 14.00 часот во Полициската станица Гази Баба, А.П.(20) од Скопје пријавила дека на ул.„Париска Комуна" била нападната од кучиња скитници при што се здобила со повреди.

Во текот на 03.09.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се четири возила бидејќи биле нерегистрирани, четири возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило, двајца возачи поради управување на возила со брзина поголема од дозволената и 52 возила се подигнати со специјално возило „јајак".

На 03.09.2020 во 21.20 часот на регионалниот пат Куманово-Свети Николе, во нас.Ајдучка чешма во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово дале знак за запирање на товарно моторно „ивеко" со скопски регистарски ознаки, но возилото не застанало и продолжило да се движи, по што удрило во ограда на една од куќите и возачот го напуштил местото. Набргу потоа возачот М.Р.(28) од с.Баница, струмичко, бил пронајден и лишен од слобода. При преглед во возилото биле пронајдени 34 мигранти од Авганистан, Пакистан и Бангладеш, кои биле спроведени во Транзитен центар Табановце. По целосно расчистување и документирање на случајот против М.Р. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.09.2020 околу 21.45 часот во тетовско Горно Седларце, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода С.Ф.(32) од гостиварско Беловиште и А.У.(32) од Скопје. Кај нив била пронајдена бела прашкаста материја. По документирање на случајот, ќе биде изготвен соодветен поднесок.

На 03.09.2020 околу 11.35 часот на крстосницата на улиците „Видое Смилевски-Бато" и „Илинденска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода М.И.(27) од Гостивар и Д.Г.(45) од Скопје поради сомнение дека на 29-ти минатиот месец околу 18.50 часот извршиле разбојништво во аптека на улица „Видое Смилевски-Бато" во Тетово. Двајцата се задржани во Полициската станица Тетово и против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.09.2020 околу 05.00 часот на улица „Браќа Ѓиновски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода Х.Н.(19) од гостиварска Долна Бањица поради сомнение дека е извршител на повеќе кражби, најмногу на велосипеди. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.09.2020 во периодот од 10.00-15.00 часот СВР Штип спроведе акциска контрола на прекршоци што ги чинат пешаците. Притоа, биле констатирани 33 прекршоци. За сите овие прекршоци изречени се соодветни санкции. Санкционирани се и 34 останати прекршоци.

На 03.09.2020 во периодот од 10.00 до 15.00 часот на терититоријата на Секторот за внатрешни работи Велес спроведена е контрола на пешаците кои прават прекршоци во сообраќајот. Притоа се констатирани 29 прекршоци, од кои, пет во Велес, 14 во Кавадарци и 10 во Неготино.

На 03.09.2020 во периодот од 10.00 до 15.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово била спроведена акциска контрола за прекршоци на пешаци, во која се откриени и санкционирани вкупно 52 прекршоци. Најголемиот број од прекршоците се однесувале на небезбедно преминување на улица и на непочитување на светлосни сообраќајни знаци. Покрај ова, откриени се и осум други видови прекршоци.

На 03.09.2020 во 16.40 часот во Полициската станица Карпош, А.М.(23) од Скопје пријавила дека околу 16.30 часот на ул.„Хелсинки", по претходна расправија, била физички нападната од А.Ф.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.09.2020 околу 20.00 часот во СВР Велес било пријавено дека на место викано „Рамниште", атар на с.Долно Чичево, општина Градско, во отворен канал за наводнување било пронајдено удавено двегодишно дете. Лекар констатирал смрт без траги на насилство. По наредба на јавен обвинител телото е предадено на обдукција во Институт за судска медицина -Скопје.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против А.Д.(69) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 30.07.2020 во атар на с.Тркање, пријавениот со пиштол „застава М-70" калибар 7,65мм пукал кон С.И. од Кочани и го погодил во нога, по што продолжил да го удира со метален предмет.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Б.(36) од с.Голема Речица, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење службено дејствие". На 15.06.2020 на ул.„Илинденска" во Тетово, пријавениот физички нападнал вработен во ЈК „Градски паркинзи" – Тетово, а се обидел да нападне уште еден негов колега.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.Д.(28) од с.Јажинце, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста" и против Б.Д.(23) од с.Јажинце поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување на службено лице во вршење на службено дејствие". На 27.07.2020 на ул. „БлагојаТоска" во Тетово, првопријавениот се однесувал агресивно кон полициски службеници кои вршеле службена дејност. Второпријавениот ги попречувал полициските службеници во извршување на службени задачи.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Н.Е.(48) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 20.08.2020 на ул.„Киро Ристески Дрнц" во Тетово полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле хероин.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против К.С.(23) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 24.08.2020 полициски службеници кај пријавениот пронашле и одзеле марихуана.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Р.Н.(20) од Неготино поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење". На 24.08.2020 година на Граничниот премин Табановце, пријавениот со товарно возило со приколка влегол во Република Северна Македонија, при што пред надлежните царински органи го пријавил за царинење само патничкото возило „пасат", кое било на приклучното возило, без да ја пријави останатата роба од поголема вредност.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Т.К.(18) и Д.К.(16), двајцата од с.Долни Липовиќ, радовишко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 09.08.2020 полициски службеници извршиле контрола во домот на пријавените, но не биле затекнати, со што постапиле спротивно на издадените решенија на 08.08.2020 година од ДСЗИ, со кое им бил определен здравствен надзор и домашна изолација во траење од 14 дена.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет